Мариа ДОНЕВСКА

# ПРИДОНЕСОТ НА СОЦИЈАЛНАТА РАБОТА ВО ИЗГРАДБАТА НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО

Формирањето на општествениот поредок се однесува за различни активности на луѓето. Во ланецот на тие активности е секако и социјалната работа, која е многу значаен фактор во правилното функционирање на општеството и во задоволувањето на се покомплицираните потреби на луѓето. Една од основните категории со кои се бави социјалната работа освен социјалните причини и социјална акција се социјалните проблеми.

Постојат два пристапи во идентификацијата и интерпретацијата на социјалните проблеми. Првиот пристап, кој претендира кон објективистичките сфаќања, ги третира социјалните проблеми како категорија на општествените појави, со помала или поголема експонираност на вакви обележја на современоста и сегашноста, како што се: нарушување на општествената хомоестаза, дезорганизација, дисхармонија, патологија и слично. Истите се надвор од прифатените норми и вредности во одредено општество, го нарушуваат аксионормативниот поредок, го попречуваат функционирањето на институциите и групите а пред се постигнување на општествените цели.

Вториот пристап не претендира да биде во склоп со научниот објективизам. Социјалните проблеми според него се поврзани со сферата на граѓанската свест, секојдневните сфаќања, јавното мислење, ставовите и неформалната општествена конрола. Социјалната работа се бави и со едните и со другите проблеми. И едните и другите мора да ги посматра во взаемна поврзаност.

Но во изградбата на граѓанското општество социјалната работа има свој скромен придонес од гледна точка на другиот пристап. Се разбира дека социјалната дејност во овој контекст е само придружна активност и е само една алка во целокупната граѓанска стратегија. Сепак нејзината улога е многу битна, бидејќи има поттикнувачки и мотивационен карактер. Поврзаноста помеѓу социјалната работа и развојот на граѓанското општество е се поуочлива, а за самата социјална работа укажувањто на постоење на тие односи е многу значајна работа. Во тој контекст социјалната дејност ги надминува тесните рамки

на кои функционира, разбирана само преку својата помагателна функција, чија задача е пружање помош на луѓе кои се наоѓаат во ситуација од социјална потреба. Во праксата делувањата на социјалните служби се однесуваат пред се за сиромашните луѓе и за лица со девијантни однесувања (класично сфаќање за социјалната работа во Германија) или како што е во САД-каде што е развиена специјализација во case work, а секојдневно социјалните работници работат на психотерапија, семејна терапија и работа со хендикепирани лица. Во некои земји од источна Европа и во поголем дел на Азија, Африка и Јужна Америка, социјалната раобта се состои од распределба на паричините надоместоци на граѓаните и барање работа, преквалификација и рехабилитација на луѓе кои се нашле во ситуација од социјална потреба.

Во нашата земја социјална работа, посебно после Втората светска војна има богата традиција. За разлика од други источни земји нејзиниот обем е проширен пред се за извршување на дејности како што е Органот за старателство. Освен тоа нејзина задача е:

- откривање, следење и проучување на социјалните проблеми, применување и спроведување на соодветни облици на социјална заштита и непосредно помагање на граѓаните;

- поттикнување и превземање на превентивна дејност во спречување и отстранување на причините за настанување на положба од социјален ризик;

- поттикнување, организирање и координирање на доброволни активности на граѓаните, здруженија, хуманитарни организации и други организации, итн.

Истовремено и кај нас и во светот присутни се нови размислувања и побарувања кои и даваат на социјалната работа повеќе димензионален карактер, дури до задоволување, преку нејзина дејност, на развојните потреби на луѓето, по помош во планирање на слободно време на луѓето. На тој начин се зголемува обемот на поимот социјална работа а истовремено се задоволуваат методолошките барања кои се својствени на предметот со кој се бави таа дисциплина. Имено предмет на социјалната работа е „животната ситуација на човекот во интеракција со микро и макросоцијалната средина нејзиното влијание врз неговиот живот и задоволување на животните потреби на поединец, неговото семејство и општествените групи во конткстот со заедницата и нејзиниот вредносен систем“ - (Halmi A., 1995 s. 40).

### 1. Што е граѓанското општество?

Поаѓајќи од предметот на социјалната работа се гледа дека во теоријата на социјалната работа човек е посматран целосно како био-

психосоцијален феномен или како вели У. Недељкович - „човечност на дело“ (182, с. 23 - 24). Во тој контекст очигледно е, дека токму граѓанското содружништво може да му обезбеди на човекот потполно задоволување на неговите потреби.

Во земјите со социјалистичко уредување во кои припаѓавме и ние, поимот граѓанско општество беше популаризиран при крај на 70-те и почеток на 80-те години од нашиот век. Пропагирајќи ја стратегијата на „општествена самоорганизација“ и нагласувајќи ја улогата на базичните иницијативи, граѓаните - најчесто поврзани со тогашната опозиција, се стремиле да се популаризираат општествените вредности и граѓанските активности досега жестоко критикувани и отстранувани преку наредби од севладеачкиот партиско - државен апарат.

Истото не означува дека во источно - европските земјни и порано не беа присутни невладините организации и граѓански движења. И во Полска и во Унгарија а делумно и кај нас тие постоеле уште пред Втората светска војна. После војната комунистичката диктатура оставила малку место за приватни и независни организации, сметајќи ги за сомнителни и за тие кои излегуваат надвор од идеолошко дозволените рамки. Поради тоа во 50-те години на нашиот век, во сите социјалистички земји беа расформирани повеќе фондации, организации и спонтани општествени иницијативи. Еден дел од поголемите младински, женски, просветни и други организации останаа да функционираат под „капа“ на патриотскиот режим и со државното финансирање.

Не навлегувајќи во сложените социолошки разгледувања можеме да се послужиме со дефиницијата од заедничкото дело на Џ. Л. Коуин и А. Арато кои граѓанското општество го подразбираат како „сфера на социјална интеракција меѓу економијата и државата сочинета, пред се од интимната сфера (особено семејството), сферата на содружништва (особено доброволци), социјалните движења и формите на јавната комуникација“. (Трајковски И. 1995 с. 243)). Во тој контекст модерното општество, како нагласува истиот А. Арато, се состои во три клучни поими: економско содружништво, граѓанско содружништво и политичко содружништво. Самиот поим цивилно општество, вели И. Трајковски, во современите теории за општеството означува содружничка форма на конституирање на општеството (Трајковски И. 1995, стр. 7.) бидејќи како заклучува истиот автор социолошкиот плурализам покажува дека општеството не постои како такво туку дека постојат мноштво содружништва (Трајковски И., 1995, стр. 285).

Едно од тие содружништва е граѓанското содружништво, кое според унгарскиот филозоф Иштван Бибо претставуваат „мали сфери на слободта“ (Siegel D., Yancey J. 1992).

Исполнувањето на надежите поврзани со новата посткомунистичка ера во голема мера зависи од тоа дали ќе успееме да формираме динамична и трајна мрежа на организации и институции, кои се посредник помеѓу граѓанинот и државата, претставувајќи сврзувачко ткиво на демократскиот систем. Здачи на тие институции се пред се:

- артикулација на разновидни, сложени општествени потреби и нивно задоволување,

- пропагирање на активен граѓански став во сите области од општествениот живот,

- популаризација на плурализмот и разновидност на општтствениот живот, преку негување на културниот, етничкиот, верскиот идентитет на граѓаните од различни општествени групи,

- остварување на алтернативи и предлози, наспроти централизирани владини решенија со цел да се постигне поголема независност и флексибилност,

- остварување на механизми за општествена контрола на активностите на владата.

Реализацијата на главните задачи својствени на граѓанското општество се одвива на различни подрачја. Поради тоа социјалниот работник мора да биде подготвен за делување на различни полиња. Може да се каже дека во последно време поради преплетеноста на формите на делување врз социјалните случаеви, социјалното делување се повеќе се интегрира. Постојат примери за тесна соработка на социјалните институции со медицинските служби при спречувањето на болестите на зависности со воспитно - образовните установи при превентивното делување против малолетничката деликвенција итн. Забележителна е улогата на социјалниот работник во гериатриските установи и во судството а примерите од Јапонија укажуваат на присуство на социјалните работници и во работните организации. Патем речено на нашите простори социјалната работа во претпријатијата беше многу популарна, но сепак во последно време губи од значењето, што не значи дека неможе да се обнови. Сепак најзначајна улога социјалниот работник има делувајќи во локалната заедница.

Социјална работа во локална заедница претставува посебен методски комплекс на работење на социјалниот работник. Методата во последно време доживува огромен развој и дури (што бара соодветно научно толкување) прераснува во принцип на работење.

Се поголемата присутност на активностите во локалната средина има свои научни и прагматички образложенија. пред се требада се констатира дека државата не е повеќе моќна сама да ги решава сите проблеми на граѓаните и само преку активирање на локалните заедници и анимации на човековите ресурси се гледа можноста за унапре-

дување на односоте меѓу луѓето. Од друга страна современото гледање на автономијата на човекот е поврзана токму со неговата животна средина (еколошки пристап). Суштината на делувањето врз локалната средина се состои во тоа, дека нејзините цели, механизми и мерки произлегуваат од условите на живеење на конкретни луѓе и се насочуваат кон промената или инфилтрација на истите. Основанта цел за организирање на средината е поттикнување на нејзиниот развој, што не означува дека не постојат и други модели на делување во локалната заедница.

## 2. Модели на работа во локална заедница

Првите теоретски основи на социјална работа во локалната заедница потекнуваат од Charity Organization Society (1985 г.) и од активностите присутни во добротворните акции (Zganec N., 1995). Колку е значајна таа активност покажува фактот дека методата на социјалната работа во локална заедница е една од трите методи применувани во практичната социјална дејност. Актуелно во локалната заедница постојат три модели на работење:

- развој на задницата (community development);
- социјално планирање (social planing);
- социјална акција (social action).

Сите три се тесно поврзани меѓу себе, но сепак нивната примена, вредностите , целите, стратегијата и техниките кои се применуваат зависат од актуелната ситуација која е присутна во конкретна заедница.

Кога се мисли на развој на заедницата се делува во моментот кога е присутна дезорганизација на врските помеѓу луѓето - жители на одреден простор и безволноста во нивното однесување.

Моделот на социјално планирање се применува во моментот кога во локалната заедница се присутни разновидни социјални проблеми во зголемена димензија, како што е сиромаштво, криминалитет итн.

Социјална акција е најсоодветна како модел, кога во локалната заедница се јавуват различни нееднаквости.

Кај нас актуелно најприсутен е моделот на социјалното планирање, бидејќи актуелните социјални проблеми во земјата не пренасочуваат кон тој вид делување. Поради тоа Центрите за социјална работа се реализатори на државната програма за санирање на социјално загрозено население. Програмот се однесува за над 60 илјади семејства од нашата Република. Освен тоа истите институции реализираат низа други активности кои се однесуваат на основните права на граѓан-

ите. Спречување на социјалните проблеми во превентивна и куративна смисла настанува преку соработка со други институции, здруженија и оргнизации кои функционираат во локалната заедница (наставници, здравствени работници, урбанисти, општествени службеници). Санирање на масовното отсуство од наставата на деца во основните училишта на одредено подрачје може да се спроведе токму преку соработка меѓу тие профили. Организирање на сервисот за згрижување на стари лица во една населба е можно во соработка со медицински служби, хуманитарни организации, општински служби и незаменливи социјални работници. Сепак превземањето на сите активности е возможно само со тесна соработка на сите тие профили со така наречени „социјални сили" кои постојат во секоја средина. Под овој поим се подразбираат биолошките, моралните, заеднички и поединечните човечки сили кои претставуваат актив, „срж" во секоја заедница и се залагаат за нејзино унапредување (Камински А,. 1978). Од тука се јавува соработка со голем број на волонтери и волонтерски организации, кои паралелно со социјалните институции реализираат социјални задачи спрема населението. Доброволците и активистите се карактеризираат со тоа, дека се почувствителни за заеднички потреби, посвесни за одредени проблеми. Подобро го слушаат „пулсот" на населението. Преку нив во заеднички превентивни и куративни акции треба да се вклучат и други жители на средината.

Фактот на паралелното делување на двајцата партнери: социјалниот работник и волонтер во социјалната работа има свои причини во социјалните условувања а и исто така токму во сфаќањата на граѓанското општество. Тој начин на размислување е присутен во програмите на скоро сите политички партии и општествени движења. Бирократскиот систем, кој негативно влијае врз решавање на сложени човечки проблеми, ги мотивира луѓето да се вклучуваат во групи на самопомош и разновидни движења кои ги задоволуваат нивните интереси и потреби. Многу често класичната доброволна работа која имаше романтични обележија и во која личните потреби не беа толку важни, прераснува во нови форми и се карактеризира со други облици.

Класичната доброволна работа и понатаму е присутна иако доживува одредени промени. Според Гирдон (Guzzeta Ch, 1984) силата на доброволната дејност може да се образложи на следниов начин:

- волонтерите наоѓаат нови неконвенционални облици на работа со социјалните случаи;
- волонтерите успешно ја анимираат локалната заеднциа и се поефикасни во остварувањето на врски со другите институции;
- доброволците поквалитетно работат со странки, итн.

Класфикациите на волонтерските организации и движења се многу разновидни. Сепак сметам дека во државите каде што е присутна посткомунистичката трансформација, значи каде што се остварува новиот општествен поредок, алтернативните општествени движења и групи на волонтери кои делуваат во рамките на државните институции можат да се поделат на:

- групи на самопомош кои имаат различен крактер од потреба на конформизација на нивните членови со општествени очекувања (на пример: Клубови на лекувани алкохоличари), до оние групи кои се стремат за промена на општествените норми (на пр.: легализација на дрогата);

- активисти на хуманитарните институции со стари, познати традиции (на пр.: Црвен крст) а во последно време на новосоздадени организации со национално обележје;

-волонтери вклучени во соработка со државни социјални институции;

- волонтери кои го континуираат етосот на активноста според мандатот на општествената организација, која функционирала во поранешниот оцијалистички систем на пример: младински, женски и еколошки организации.

Во сите овие групи учеството на доброволците во социјалната работа има суплементарен карактер, значи истите вршат некои важни но помалку професионални, споредни работи во државните институции. Нивните контакти со стручните лица се ограничени.

За разлика од државните институции членовите на групи на самопомош и класичните волонтери се помалку стабилни во своита активности. Нивната дејност има многу често акциски карактер. Од друга страна во новата старност, кога социјалниот тоталитаризам е ограничен, кога носители на социјалните функции се само одредени подрачја на човековата активност, индивидуалните и заедничките иницијативи на волонтерите се многу важни.

Согласно со истражувањата кои беа спроведени во многу земји бројот на волонтерите кои делуваат во различни сфери од општествениот живот (не само во социјалната заштита) постојано се зголемува. Се разбира дека учеството на волонтерите во социјалната работа ги намалува државните трошоци за социјална помош, поради тоа се воведуваат низа економски инструменти кои ја стимулираат нивната дејност - почнувајќи од познатото Task Force по иницијатива на R. Regan во САД, преку вклучување на богатите корпорации во поттикнување на делување на волонтерите како што е тоа во Јапонија.

Во социјалните активности во локалната заедница социјалниот работник се јаува во различни улоги, пред се како стручњак кому-

никатор, интерпретатор, експедитор, брокер, преговарач, медијатор, терапеут, супервизор, активист и харизматичен лидер.(Zganec, 1995).

Неговата задача е организирање на животот во заедницата, мотивирање на заеднички акции во однос на припадници на една локална средина кои функционираат во улоги на граѓанин, клиенти, соседи, членови на одредена волонтерска или друга група за заедничкиот живот.

Методата на социјална работа во локална заедница е најдобар начин за обединување на професионалци и непрофесионалци, стручњаци и лица кои заради истите потреби и цели се интегрираат во заедничка акција.

## 3. Човек - граѓанин

Преку делување во локалната заедница со граѓани кои се наоѓаат во различни социјални улоги, социјалната работа добива и индивидуални димензии. Означува делување за сите, спрема сите, но исто така и за поединци.

Почитувањето на човековите права за кои во својата работа се залага социјалниот работник, значи права на сите граѓани, исто така и на ризичните групи (самохрани мајки, хендикепирани лица болни од зависности), учење на толеранција не само спрема одредени раси и националности туку исто така и спрема хендикепирани, слаби, болни и сиромашни лица. Социјалниот работник кој заедно со другите професии се наоѓа на првата линија при спречувањето на општествените проблеми, самиот мора да биде подготвен за толерантно делување спрема своите клиенти, што бара сосема друг пристап во образованието на социјалните работници.

Токму во овој момент се потсетувам на стри вистини формулирани во 18-тиот век од страна на шкотскиот филозоф Адам Смит, творецот на модерната економија. Клучот кон благосостојба е според него во: слободен пазар, конкуренција и претприемаштво кои функционираат во стабилни правни рамки на една држава, при стабилна пара, ниски давачки и токму добро образование.

Доброто образование (според дидактичките тероии) бара не само материјални компоненти во неговата содржина а и исто така градење на соодветни ставови и вештини кај учениците и студентите. Тоа посебно значење има во образованието на социјалните работници.

### 4. Воспитание за живот во заедница

Освен анализираните модели, движења и правци кои се однесуваат на локалната заедница како што е социјалното планирање, социјалниот развој и социјална акција, многу важно е исто така и community education - значи воспитание за животот во заедницата.

Движењето community education има своја долга историја во англиската општествена мисла, уште во почетокот на 20-век, а исто така во педагошката практика на СССР по Осктомвриската револуција.

Движењето community education на крајот на 70-те години од нашиов век формира Меѓународно здружение за воспитание за животот во заедница со седиште во Covenry - Англија, во кое се зачленети 80 земји.

Идејата за воспитание во заедницата претставува обид за зближување на училиштето со воспитната средина. Треба да се каже дека првите чекори на таа концепција се присутни уште во 20-те години,во дејноста на Х. Морис, кој ја пропагирал целосната концепција на „локално училиште“. Повторно во 60-те години идејата за локалното училиште доживува преродба, како резултат на сестрани испитувања за решавање на воспитните проблеми на англиската младина. Тогаш се донесени три важни програми, во кои меѓу другото, се нагласуваат: потребата за вонучилишната работа со младата генерација, спроведувана под контрола на професионалци, отварање воспитно - културни и спортски центри во секоја локална средина за младите и други генерации.

Социјалната работа е многу тесно порзана со воспитанието за живот во заедницата и во превентивна и во куративна смисла (Heuter M., 1987).

### Заклучок

Со промена на политичко - општественото уредување ја посматраме присутноста на новиот општествен феномен - граѓанско содружништво кое носи со себе потреба од нови задачи и нова улога на социјалната работа.

Примери од тој вид на делување имаме на полето на социјалната работа во развиените западни земји, каде исто така се разработени техники и методи за примена на разновидни модели на социјалната активност (САД, Канада, Германија, Холандија).

Во нашата земја посебно во услови на нова територијална поделба постои голем предизвик на социјалните работници за распламену-

вање на социјална работа во локалната заедница. Во неа истите и други профили можат да се покажат во нова светлина на својата професија, со своите организаторски способности, умешност за комуникација и соработка, дијагностицирање и решавање на човековите пореби. Нема подобра афирмација за професијата социјален работник од работа во локалната заедница а истовремено нема развој и унапредување на локалната заедница без професија социјален работник.

ЛИТЕРАТУРА


1. Guzzeta Ch, Voluntarism and profesionalism. Questions of idenitity and relationslip, Lanham, 1984
2. Zganec N., Mogućnosti socijalnog rada i organiziranju zaednice, Ljetopis Socijalnog Rada, Zatreb, 1995 Pravni Fakultet
3. Kaminski A., Pojecie sil ludzkich, „Czlowiek w pracy i osiedlu" TWWP, Warszawa, 1978.
4. Недељкович У., Социјални рад, ВШСР, Београд, 1982.
5. Siegel D., Yancey J., Odrodzenie spoleczenstwa obywatelskiego RBF, Warszawa, 1992.
6. Трајковски Ило, Метасоциологија на современтие теории на граѓанското општество. Докторска дисертација. Филозофски Факултет, Скопје, 1995.
7. Halmi A. Metodologija istrazivanja u socijalnom radu, Alinea Zagreb, 1995
8. Heuter M., Community Education, in England, ECCE, Express Edition, Berlin, 1978.



Maria DONEVSKA


## CONTRIBUTION OF SOCIAL WORK IN CREATION OF CIVIL SOCIETY

(Summary)


The new social order in all post - communistic countries create a new useful condition for development of civil society.In its development the social work has the main role that helps the humans successfully to satisfy their needs in macro and micro environment in which they live and to have influence for fast develpment and improving of the social life. In that way the considerate realations give so social work new possibilities which until were limited in the activites in the fild of social welfare.